РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-20
17.09.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:**

**Предмет: Одговор на Претставка**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

Почитувана,

Агенцијата ја прими Вашата Претставка (наш бр. УПП 03/20 од 01.09.2025) и направи увид во програмата емитувана на 28.08.2025 на трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА М НЕТ-ХД ДООЕЛ-Штип. Увидот во целодневната снимка од програмата покажа дека посочениот видео материјал не е емитуван на телевизиската програма на радиодифузерот на 28 август, односно дека материјалот е објавен само на Фејсбук страницата на ТВ М НЕТ-ХД.

Со оглед на тоа дека почитувањето на професионалните новинарски стандарди и етички принципи при известувањето е предмет на саморегулација, за што надлежности имаат Советот за етика во медиумите на Македонија – СЕММ и Комисијата на честа при Здружението на новинарите на Македонија – ЗНМ, вие соодветно сте ја адресирале Вашата претставка и до саморегулаторното тело, односно до Комисијата за жалби во СЕММ.

Агенцијата ќе ја извести ТВ М НЕТ-ХД за претставката (во анонимизирана форма), при што ќе апелира на почитување на професионалната етика од страна на новинарите и уредниците и за објавите на Фејсбук страницата на медиумот.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**По овластување од директорот,**

**Цветанка МИТРЕВСКА**